Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јули 2023 година**

**Скопје, јули 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јули 2023 година**

Седницата започна во 15:10 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и нотар Анета Петровска -Алексова.

Од седницата отсуствуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записникот од Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 мај 2023 година

Усвојување на Записникот од Сто шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јули 2023 година

1. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за изменување на Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање

2. Информација за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање со показатели за нивната финансиска состојба во 2022 година, со Предлог-одлука

3. Информација со предлог за донесување на Одлука за итна еднократна финансиска помош на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со дополнување

4. Информација во врска со Анекс бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште (заверен кај закуподавачот под арх.бр.09-521/1 од 9.3.2023 година, кај закупецот под арх.бр.03-04/01 од 1.3.2023 година, солемнизиран кај нотар Ана Дојчиновска од Скопје под ОДУ 630/23 на 9.3.2023 година) со Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг&Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, со предлог-одлуки

5. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје со бр.13-1573/1 од 2.12.2022 година, со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

7. Предлог на закон за дивечот и ловство (*)

8. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поврзување и изградба на дел од фекална канализација за с. Режановце, КО Режановце, Општина Куманово, со Предлог-одлука

9. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трајче Камчев, ул. „Орце Николов“ бр.52-Б, Кавадарци, со Предлог-одлука

10. Информација за Нацрт-годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2022 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари-декември 2022 година и Нацрт-акциски план за 2023 година за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии

11. Информација за напредокот во врска со имплементација на препораките на Бернската конвенција бр.211 (2021)

12. Предлог-решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти

13. Информација за донесување на одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „За подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“

14. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 10-8074/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за рециклирање на хартија и остатоци од хартија Пејпар Мил ДОО Кочани

15. Информација за овластување на потписник на Договор за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд од страна на државата и овластување на потписник за Меморандум за разбирање помеѓу Зелениот климатски фонд и државата за можноста за одржување на Регионална конференција со Зелениот климатски фонд и земјите од Источна Европа и Централна Азија во Република Северна Македонија, со текст на Меморандум

16. Предлог-одлука за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии „Специјализација за командни и штабни должности“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, во студиската учебна 2023/2024 година

17. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување

18. Извештај за извршени преговори и за потпишување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието, со текст на Извештај и усогласен текст на Договор

19. Предлог-одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во академската 2023/2024 година, со прилози

20. Предлог-одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид во академската 2023/2024 година, со прилози

21. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот испитен центар-Скопје (компјутери)

22. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Росоман (мебел)

23. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Росоман (таблети)

24. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (мебел)

25. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (таблети)

26. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (мебел)

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце (таблети)

28. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце (мебел)

29. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (мебел)

30. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (мебел)

31. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (мебел)

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сопиште (таблет компјутери)

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зрновци (таблет компјутери)

34. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Старо Нагоричане (таблет компјутери)

35. Предлог на закон за дополнување на Законот за минерални суровини, поднесен од група пратеници

36. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

37. Барање за давање на автентично толкување на член 187, а во врска со член 161 ставови (2) и (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19, 76/20 и 178/21), поднесен од пратеникот Никола Мицевски

38. Барање за давање на автентично толкување на членот 59-ѕ од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15,

30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), поднесено од пратеникот Вјолца Адеми

39. Понуда од нотар Сашка Јанчевска-Дамјановска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.70959 за КО Битола 5 на КП бр.1708/2, викано место/улица „Битола 5“

40. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.43223 за КО Карпош на КП бр.2082/1, викано место/улица „А. Дуков бр.35“

41. Понуда од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1307/1 за КО Радишани на КП бр.555/1, викано место/улица „21“

42. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.49204 за КО Кисела Вода 2, на КП бр.284/1, викано место/улица „Ѓ.Ѓоновиќ“ и Имотен лист бр.624 за КО Кисела Вода 2, на КП бр.284/1, викано место/улица „Ѓ.Ѓоновиќ 111“

43. Кадровски прашања

44. Прашања и предлози

45. Информација за проектот Спомен-куќа „Музеј Лазар Личеноски“ за определување надлежности за реализација на проектите и спроведувањето на непосредната заштита и реализацијата на проектот за недвижното добро и конзервација на движните културни добра според намените да биде префрлена во соодветните надлежни институции: НУ Национален конзерваторски центар-Скопје, НУ Конзерваторски центар-Скопје, НУ Музеј на Македонија, НУБ „Св. Климент Охридски“ и Архив на Република Северна Македонија

46. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД за производство на електрична енергија-ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, за периодот октомври-декември 2022 година

47. Информација во однос на намалените субвенции за финансирање на ЈП Национална радиодифузија-Скопје за 2022 година

48. Информација со Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Северна Македонија, со насоки за изменување и дополнување на Уставот на Република Северна Македонија

49. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со ангажирање на правни застапници на Министерство за здравство на Република Северна Македонија по повод поведена арбитражна постапка во предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH, со прилог полномошно за застапување и писмо за ангажирање

50. Информација за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Владата на Обединетото Кралство), претставена од Министерството за надворешни работи, Комонвелт и развој (ФЦДО), претставено од Метју Лосон, амбасадор и Владата на Република Северна Македонија (Влада на Северна Македонија), претставена од Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија

(корисник), претставено од министерот д-р Бујар Османи за реализација на Проектот за менторство и градење на капацитетите на директоратот за НАТО и политичко-безбедносни прашања при Министерството за надворешни работи, со усогласен текст на Меморандум

51. Информација за подготовката на претседавањето на Република Северна Македонија со Процесот за соработка во Југоисточна Европа, 1 јули 2023-јуни 2024 година

52. Информација за потребата од изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Записник и Предлог-одлука

53. Информација за оправданост на Барањето на согласност за вработувања на неопределено време во Јавната установа-Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија

54. Информација за оправданост на Барањето на согласност за привремени вработувања и Барањето на согласност за ангажмани по договори на дело во Јавната установа-Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија

55. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 6 јули 2023 година до 12 јули 2023 година

56. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 4 јули 2023 година до 10 јули 2023 година

57. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 4.7.2023 година до 6.7.2023 година

58. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 7.7.2023 година до 13.7.2023 година

59. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 27 јуни 2023 година до 3 јули 2023 година

60. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-

поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 27.6.2023 година до 3.7.2023 година

61. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 11 јули 2023 година до 17 јули 2023 година

*

*          *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 мај 2023 година, и Записникот од Сто шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 јули 2023 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање со показатели за нивната финансиска состојба во 2022 година, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за финансии да достави мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со предлог за донесување на Одлука за итна еднократна финансиска помош на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, со дополнување.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја регледа Информацијата во врска со Анекс бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште (заверен кај закуподавачот под арх.бр.09-521/1 од 9.3.2023 година, кај закупецот под арх.бр.03-04/01 од 1.3.2023 година, солемнизиран кај нотар Ана Дојчиновска од Скопје под ОДУ 630/23 на 9.3.2023 година) со Друштвото за производство, трговија и услуги

Кромберг&Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко-индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Северна Македонија-Владата на Република Северна Македонија, како основач на Технолошко-индустриската развојна зона Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг&Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје, заверен кај закуподавачот под арх.бр.09-521/1 од 9.3.2023 година.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје со бр.13-1573/1 од 2.12.2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје со бр.13-1573/1 од 2.12.2022 година.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство како ресорно надлежно министерство во најкус можен рок да предложи соодветен концепт за реструктуирање на АД Водостопанство на Република Северна Македонија, со цел надминување на проблемите во Друштвото.

**Точка 7**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дивечот и ловството (*) и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за правда.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за дивечот и ловството (*), согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство и  Саша Јовановиќ, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поврзување и изградба на дел од фекална канализација за с. Режановце, КО Режановце, Општина Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поврзување и изградба на дел од фекална канализација за с. Режановце, КО Режановце,  Општина Куманово.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трајче Камчев, ул. „Орце Николов“ бр.52-Б, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за Нацрт-годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2022 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари-декември 2022 година и Нацрт акциски план за 2023 година за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2023 година.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, Министерството за финансии-Царинска управа и Бирото за јавни набавки, а им се укажува на Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државниот завод за ревизија да ги реализираат активностите од Акцискиот план за 2023 година за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии согласно планираната динамика и за истото да ги обезбедат потребните ресурси (материјално-технички, човечки и финансиски).

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во врска со имплементација на препораките на Бернската конвенција бр.211 (2021), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање до Секретаријатот на Бернската конвенција да ја достави Информацијата за напредокот во врска со имплементација на препораките на Бернската конвенција бр.211 (2021), најдоцна до 30 јули 2023 година.

**Точка 12**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за категоризација на угостителски објекти.

**Точка 13**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за донесување на одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „За подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 10-8074/1 од 15.10.2019 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за рециклирање на хартија и остатоци од хартија Пејпар Мил ДОО Кочани, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до компанијата Пејпар Мил ДОО Кочани да испрати писмено известување со барање за исплата на договорна казна во износ од 4.039.111,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 15**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за овластување на потписник на Договор за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд од страна на државата и овластување на потписник за Меморандум за разбирање помеѓу Зелениот климатски фонд и државата за можноста за одржување на Регионална конференција со Зелениот климатски фонд и земјите од Источна Европа и Централна Азија во Република Северна Македонија, со текст на Меморандум, за наредната седница на Владата.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии „Специјализација за командни и штабни должности“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, во студиската учебна 2023/2024 година.

**Точка 17**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување.

**Точка 18**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори и за потпишување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието, со текст на Извештај и усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието.

3.Се определува д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието.

**Точка 19**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во академската 2023/2024 година, со прилози, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за образование и наука од универзитетите да обезбеди анализи/критериуми врз основа на кои е утврден бројот на студенти кои треба да се запишат на втор циклус студии на студиските програми, наведени во Конкурсот и истите да ги достави до Владата.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Државниот универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид во академската 2023/2024 година, со прилози, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за образование и наука од универзитетите да обезбеди анализи/критериуми врз основа на кои е утврден бројот на студенти кои треба да се запишат на трет циклус студии-докторски студии наведени во Конкурсот и истите да ги достави до Владата.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот испитен центар-Скопје (компјутери).

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Росоман (за потребите на ООУ „Пере Тошев“, Росоман).

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Росоман (за потребите на ООУ „Пере Тошев“, Росоман).

**Точка 24**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (за потребите на ООУ „Мите Богоевски“, Ресен).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (за потребите на ОУ „Гоце Делчев“, Ресен).

**Точка 25**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен ( за потребите на ОУ „Гоце Делчев“, Ресен).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (за потребите на ООУ „Димитар Влахов“-с.Љубојно, Ресен).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен (за потребите на ООУ „Мите Богоевски“, Ресен).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Ресен (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“ Царев Двор, Ресен).

**Точка 26**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Свети Николе).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, Свети Николе).

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце (за потребите на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ Ц.О. Ранковце).

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце (за потребите на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ Ц.О. Ранковце).

**Точка 29**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ОУ „Фаик Коница“, с.Радуша).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ОУ „Сами Фрашери“, с. Глумово).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Перпарими“, с.Крушопек).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Ибе Паликуќа“, с.Бојане).

5.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Емин Дураку“, с. Буковиќ).

6.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Дрита“, с.Рашче).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Дитурија“, Сарај).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај (за потребите на ООУ „Бедри Таири“, с. Долно Свиларе).

**Точка 30**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Сандо Масев“ п.о. Струмица).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Видое Подгорец“, Струмица).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Герас Цунев“, с. Просениково, Струмица).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Даме Груев“, Куклиш, Струмица).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Маршал Тито“, Струмица).

**Точка 31**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“. Штип).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Димитар Влахов“. Штип).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Славејко Арсов“. Штип).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ОУ „Тошо Арсов“ п.о. Штип).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (за потребите на ООУ „Ванчо Прке“, Штип).

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сопиште (таблет компјутери).

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зрновци (за потребите на ООУ „Синиша Стоилов“, Зрновци).

**Точка 34**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Старо Нагоричане (за потребите на ООУ „Светозар Марковиќ“, Старо Нагоричане).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Старо Нагоричане (за потребите на ООУ „Христијан Карпош“, с.Младо Нагоричане, Старо Нагоричане).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Старо Нагоричане (за потребите на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ с.Драгоманце, Општина Старо Нагоричане).

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за минерални суровини, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, предложениот закон е поднесен од овластен предлагач.

Во текстот на Предлог на законот треба да се додаде преодна одредба со која ќе се уреди важењето на овој предлог на закон за веќе доделените концесии за експлоатација.

Имено, имајќи ја предвид целта заради која се бара оваа измена на Законот за минерални суровини, Владата на Република Северна Македонија предлага да се додаде нов член 2 кој ќе гласи:

„Член 2
На започнатите постапки за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини, како и на склучените договори за концесија за експлоатација на минерални суровини до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се применуваат одредбите од овој закон“.

Членот 2 од Предлогот на закон ќе стане Член 3.

**Точка 36**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем .

**Точка 37**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 187, а во врска со член 161 ставови (2) и (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19, 76/20 и 178/21), поднесен од пратеникот Никола Мицевски и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 68 став (1) алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно кој Собранието на Република Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите, како и член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.91/08, 119/10, 23/13 и 152/19), според кој барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, народниот правобранител, градоначалниците на општините и градоначалникот на Градот Скопје и советите на општините и Советот на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите од нивното работење, исполнети се условите за барање за давање на автентично толкување.

Согласно член 161 од Законот за високото образование:
„(1) Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање за времето за кое е избрано.
(2) Лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно или соработничко звање може да врши високообразовна дејност на факултет или на висока стручна школа.
(3) Лице избрано во наставно звање може да врши високообразовна дејност само на висока стручна школа.
(4) По исклучок од ставот (1) на овој член лице избрано во научно звање согласно со одредбите на Законот за научно-истражувачката дејност, може да врши високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус во согласност со овој закон според еквивалентноста на звањата утврдени во овој закон.
(5) На факултетот наставно-научни звања се доцент, вонреден професор и редовен професор.
(6) На факултетите во областа на филолошките науки и на другите високообразовни установи на кои се изведува настава по јазик, наставно-стручни звања се лектор и виш лектор.
(7) На високите стручни школи наставни звања се предавач, виш предавач и професор на висока стручна школа.
(8) На високообразовните установи може да се врши избор и во научни звања согласно со Законот за научно-истражувачката дејност.
(9) Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.
(10) Лицето избрано во наставно-научно, наставно и научно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

(11) Во меѓународниот промет, за наставно-научните звања на факултетите се користат следните називи на англиски јазик:
1. за доцент-Assistant professor, со кратенка-Ass. Prof. Dr.sc,
2. за вонреден професор-Associate professor, со кратенка-Assoc. Prof. Dr.sc и
3. за редовен професор-Professor, со кратенка-Prof. Dr.sc.
(12) По исклучок од ставот (10) на овој член, во меѓународниот промет за наставно-научните звања на стручно-уметничките предмети на факултетите се користат следните називи на англиски јазик:
1. за доцент-Assistant professor, со кратенка-Asst. Prof. Dr.art, односно Asst. Prof. Mr.art,
2. за вонреден професор-Associate professor, со кратенка-Assoc. Prof. Dr.art, односно Assoc. Prof. Mr.art, и
3. за редовен професор-Professor, со кратенка-Prof. Dr.art, односно Prof. Mr.art.".

Одредбата од членот 161 став (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19, 76/20 и 178/21) определува дека лицата кои изведуваат високообразовна дејност на факултетите од областа на филолошките науки и на други високообразовни установи на кои се изведува настава по јазик се избрани во наставно-стручни звања. Горенаведената одредба јасно и прецизно дефинира дека согласно уредената законска класификација во наставно-научни, наставно-стручни и наставни звања, лектор и виш лектор се класифицирани како лица избрани во наставно-стручни звања на факултетите во областа на филолошките науки и на другите високообразовни установи на кои се изведува настава по јазик.

Согласно член 187 од Законот за високото образование:
„(1) На лицето избрано во наставно-научно звање или наставно звање му престанува работниот однос согласно со прописите за работни односи.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, заради непречено вршење на дејноста на високообразовната установа, по претходно барање на работникот, а со согласност на наставно-научен совет, еднаш годишно може да се продолжи договорот за вработување на лицето избрано во наставно-научно или наставно звање, до завршување на учебната година во која ги исполнува условите за стекнување старосна пензија или најмногу до завршување на учебната година во која полни 67 години возраст.
(3) Барањето за продолжување на работниот однос од ставот (2) на овој член, се поднесува еднаш годишно, најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на договорот за вработување за наредната година.
(4) Редовен професор во пензија може да изведува настава на студии од трет циклус и да биде ментор на докторски студии, како и да работи на научно-истражувачки проект под условите определени со статутот на универзитетот, односно статутот на самостојната висока стручна школа.".

Ваквата одредба од член 187 став (2) е јасна и применлива од аспект дека е прецизно одредено дека договорот за вработување може да се продолжи еднаш годишно само на лице избрано во наставно-научно или наставно звање, доколку се исполнети и другите законски услови предвидени во истоимената одредба.

Имајќи предвид дека одредбата од член 187 од Законот за високото образование* е прецизна и јасна, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 187, а во врска со член 161 ставови (2) и (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19, 76/20 и 178/21), поднесено од пратеникот Никола Мицевски.

**Точка 38**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 59-ѕ од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), поднесено од пратеникот Вјолца Адеми и притоа го утврди следното мислење:

Во поднесеното Барање за автентично толкување на членот 59-ѕ од Законот за градење е наведено дека потребата од давање на автентично толкување се наметнала заради невоедначеноста и различното толкување на законските одредби во членот од надлежните институции, во зависност од тоа дали се работело за објект за кој согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти е донесено правосилно решение за утврдување на правен статус на бесправен објект или пак за објект изграден со одобрение за градење. Одредбите од членот невоедначено се толкувале во остварувањето на правото на надградба на објект за индивидуално домување и во делот на предвиденоста на истиот во урбанистичкиот план или урбанистичко-планската документација и во делот на постоењето на оваа документација.

Членот 59-ѕ од Законот за градење гласи:
„(1) За надградба на објекти за индивидуално домување може да се издаде одобрение за градење и во случаите кога надградбата не е предвидена во урбанистички план или урбанистичко-планска документација, доколку постојниот објект е со утврдено право на сопственост во јавната книга за запишување на правата на недвижности и со надградбата нема да се нарушат стандардите и нормативите за објектите со намена домување во станбени куќи (А1) по однос на дозволената височина (катови и метри) и бројот на станбени единици, кои се утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

(2) Постапката за надградба во случаите од став (1) на овој член се спроведува за постоен објект за индивидуално домување, кој е изграден со одобрение за градење или за истиот е донесено правосилно решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, кој се наоѓа :
-надвор од плански опфат на урбанистички план, односно урбанистичко-планска документација или
-во рамки на плански опфат на урбанистички план, односно урбанистичко-планска документација, а истиот не е вклопен во планот, односно планската документација или
-во рамки на плански опфат на урбанистички план, односно урбанистичко-планска документација, истиот е вклопен во планот, односно планската документација, а за кој објект не се утврдени дозволените максимални параметри по однос на висината (катови и метри) и бројот на станбени единици, кои можат да се утврдат за овој вид на објекти согласно стандардите и нормативите во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

(3) По исклучок од членот 59 став (2) на овој закон, во случаите од ставот (1) на овој член кон барањето за добивање на одобрение за градење за надградба на објектот, се доставува следната документација:
-основен проект со позитивен извештај за ревизија,
-идеен проект одобрен согласно член 48-а од овој закон,
-изјава од проектантот дадена под кривична и материјална одговорност со која потврдува дека постојната состојба на објектот е веродостојно прикажана во основниот проект,
-позитивно мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата,

-имотен лист за постојниот објект на кој ќе се врши надградба со утврдена намена семејно домување во станбени куќи (А1) и со утврдено право на сопственост на инвеститорот,
-согласност за надградба од сопственикот на постојниот објект, доколку истиот не е инвеститор и
-конзерваторско одобрение издадено од Управата за заштита на културно наследство и изјава од барателот дадена под полна материјална и кривична одговорност со која истиот ќе потврди дека конзерваторското одобрение се однесува на проектот доставен преку информацискиот систем е-одобрение за градење, доколку е поднесено барање за надградба на објект кој претставува заштитно недвижно културно наследство согласно со закон.

(4) Надзорот над изградбата на надградбата во случаите од став (1) на овој член не е задолжителен доколку бруто развиена површина на надградбата не е поголема од 300 м2, а надградбата се става во употреба и се запишува во јавната книга за запишување на правата на недвижности врз основа на извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер.

(5) При спроведување на постапка за измени во текот на изградбата за надградбите од став (1) на овој закон, соодветно се применуваат одредбите од членот 69 на овој закон, а надлежниот орган утврдува дали се нарушуваат стандардите и нормативите за објектите со намена домување во станбени куќи (А1) по однос на дозволената височина (катови и метри) и бројот на станбени единици, кои се утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

(6) Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член, не се применуваат за надградба на објекти за индивидуално домување изградени во опфат на кој согласно урбанистички план или урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на објект од јавен интерес утврден со закон.“

Со предметната одредба се предвидува можност за надградба на објекти за индивидуално домување во случаите кога надградбата не е предвидена во урбанистички план или урбанистичко-планска документација. Во истиот член пропишана е документацијата која треба да се достави од страна на барателот, а утврдени се и условите кои треба да се исполнети за да може да се издаде одобрение за градење за надградба на овие објекти.

Имајќи го предвид контекстот на барањето за давање на автентично толкување на наведената законска одредба, треба да се има предвид ставот (2) од истата, согласно кој е утврдено дека постапката за надградба во случаите од став (1) од овој член се спроведува за постоен објект за индивидуално домување, кој е изграден со одобрение за градење или за кој е донесено правосилно решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, кој се наоѓа:
- надвор од плански опфат на урбанистички план, односно урбанистичко-планска документација или
- во рамки на плански опфат на урбанистички план, односно урбанистичко-планска документација, а истиот не е вклопен во планот, односно планската документација или
- во рамки на плански опфат на урбанистички план, односно урбанистичко-планска документација, истиот е вклопен во планот, односно планската документација, а за кој објект не се утврдени дозволените максимални параметри по однос на висината (катови и метри) и бројот на станбени единици, кои можат да се утврдат за овој вид на објекти согласно стандардите и нормативите во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Согласно наведеното произлегува дека во членот 59-ѕ став (2) од Законот за градење, јасно и недвосмислено е утврдено дека одредбите од овој член се применуваат за постојни објекти за индивидуално домување кои се изградени со одобрение за градење или за кои е донесено

правосилно решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, а условите по однос на урбанистичкиот план, односно урбанистичко-планската документација утврдени во алинеите 1, 2 и 3 од истиот став се однесуваат и за двата вида на објекти.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 59-ѕ од Законот за градење во контекст на поднесеното Барање е јасен и му предлага на Собранието да не даде автентично толкување на истиот.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашка Јанчевска-Дамјановска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.70959 за КО Битола 5 на КП бр.1708/2, викано место/улица „Битола 5“ и по истата го усвои негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.43223 за КО Карпош на КП бр.2082/1, викано место/улица „А. Дуков бр.35“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1307/1 за КО Радишани на КП бр.555/1, викано место/улица „21“ и по истата го усвои негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.49204 за КО Кисела Вода 2, на КП бр.284/1, викано место/улица „Ѓ.Ѓоновиќ“ и Имотен лист бр.624 за КО Кисела Вода 2, на КП бр.284/1, викано место/улица „Ѓ.Ѓоновиќ 111“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 43**

1. Владата го отповика Мевљудин Авдија од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје.

1.1. Владата го избра Валдрин Адеми за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје.

2. Владата ја разреши Шасине Касами од должноста вршител на должноста директор на Управата за имотно-правни работи, орган во состав на Министерството за финансии.

3. Владата го именува Лулзим Исеини за вршител на должноста директор на Управата за имотно-правни работи, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Дритан Адеми од должноста вршител на должноста заменик-директор на Државниот испитен центар.

5. Владата го именува Газменд Арифи за вршител на должноста заменик-директор на Државниот испитен центар.

6. Владата го разреши Зеќирија Хасипи од должноста вршител на должноста директор на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука.

7. Владата го именува Абдулфета Фетаи за вршител на должноста директор на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата го разреши Мерхал Исмаили од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи.

9. Владата го именува Фуркан Болеци за вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го именува Дениз Али за вршител на должноста заменик-директор на Агенцијата за стоковни резерви и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата ја именува Фатиме Таири за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Психијатриска болница-Скопје.

12. Владата го именува Бајрам Каба за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид.

13. Владата го именува Фљорим Сељмани за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат-максилофацијална хирургија-Скопје.

14. Владата ја разреши Анка Ѓорѓиева од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“-Скопје.

14.1.Владата ја именува Мајлинда Рама-Алили за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“-Скопје.

15. Владата го разреши Горан Поцков од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје.

15.1. Владата ја именува Саиме Шерифи за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје.

16. Владата го разреши Петар Петковски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија-Скопје.

16.1. Владата ја именува Емине Абази за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија-Скопје.

17. Владата ја разреши Љупка Симовска-Донев од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје, поради истек на мандатот.

17.1. Владата го именува Несим Пашоја за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијебетес и метаболички нарушувања-Скопје.

18. Владата го разреши Александар Ајевски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-„Железничар"-Скопје.

18.1. Владата го именува Фазли Суловски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-„Железничар"-Скопје.

19. Владата го именува Нусрет Бајрами за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ"-Скопје.

20. Владата ги симна од Дневен ред предлозите под.т.2 Бојан Лазаревски да го разреши од должноста в.д. директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и под т.3 Бојан Лазаревски да го именува за директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

21. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје, за вршител на должноста директор на ЈП Национална радиодифузија-Скопје да го именува Ендрин Кадриу.

22. Владата заклучи да се запре постапката по Јавниот оглас бр.11/2023, објавен на 28.6.2023 година во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха", за именување на директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

22.1. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија повторно да објави јавен оглас, во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

23. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на два члена на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување (еден професионално ангажиран член, со полно работно време и еден непрофесионално ангажиран член), со мандат од пет години.

## Точка 44

**1.** Владата го разгледа Барањето за поддршка на организацијата на Европското првенство во џудо за кадети 2025 година, кое ќе се одржи во период од 19 до 22 јуни 2025 година во Скопје, и даде согласност на истото.

**2.** Владата по повод одбележување на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката-Илинден 2023, ги донесе следните заклучоци:

1) Организацискиот одбор за прославата на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката-Илинден 2023, да биде координиран од Мартин Попов, шеф на Кабинетот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и во состав:
- м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија,
- м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија,
- Весна Марашевиќ, заменик на шефот на Кабинетот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија
- Ана Андреева, претставник на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, секретар за комуникации, односи со јавност и протокол
- Соња Трпчевска-Јанковска, претставник на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, соработник за комуникации и односи со јавност, координација на министерства и владини институции.

2) Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија, по повод прославата на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката -Илинден 2023, во Скопје, ќе ја предводи и ќе се обрати д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ја определи владината делегација, за положување цвеќе на локациите во Скопје.

3) Делегацијата по повод прославата на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката-Илинден 2023, во Крушево, ќе ја предводи и ќе се обрати м-р Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Северна Македонија.

Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ја определи владината делегација, за положување цвеќе на локациите во Крушево.

4) Делегацијата по повод прославата на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката-Илинден 2023, во Пелинце ќе ја предводи и ќе се обрати д-р Стево Пендаровски, Претседател на Република Северна Македонија.

Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ја определи владината делегација за положување цвеќе на локациите во Пелинце.

5) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да ја определи владината делегација, за положување цвеќе на локациите во Смилево, Демир Хисар.

6) Координацијата на прославите за Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката-Илинден 2023, да биде предводена од Организацискиот одбор кој ќе координира со Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

7) Се задолжува Министерството за здравство, преку единиците на Итната медицинска помош, да обезбеди присуство на амбулантни возила и медицински лица во Скопје, Крушево, Пелинце и Демир Хисар.

8) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на државниот празник 2 Август, Ден на Републиката-Илинден 2023, во Скопје според Планот на Организацискиот одбор.

9) Се укажува на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Државниот празник 2 Август, во Пелинце.

10) Се укажува на Кабинетот на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на Државниот празник 2 Август, во Крушево.

11) Се укажува на службите за протокол на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, да се усогласат во врска со сценаријата за одбележувањето и прославата на Државниот празник 2 Август, со Организацискиот одбор за прослава на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката - Илинден 2023.

Сценаријата да имаат детален приказ на активностите, по повод одбележувањето и прославата на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката -Илинден 2023.

12) Организацискиот одбор по усогласувањето со Кабинетот на Собранието на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, да достават целосно сценарио кое ги опфаќа сите прослави на Илинден 2023 година, организациски план како и лого и брендинг за празникот.

13) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Национална радио-телевизија, на 2.8.2023 година, да врши директен пренос од одбележувањето на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката-Илинден 2023 од трите локации Крушево, Пелинце и Скопје (според деталното сценарио со саатници кое ќе го добијат од Организацискиот одбор).

14) Се задолжува Министерството за одбрана-Генерал штаб, да обезбеди присуство на доволен број на гардисти на локациите каде што ќе се одбележува Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката-Илинден 2023, согласно барањата на кабинетите, како и опрема за свечено положување на цвеќе, воен оркестар, фанфаристи, соодветно на барањата кои по писмен пат ќе ги добијат од Организацискиот одбор.

15) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали и техничка опрема за одбележувањето на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката-Илинден 2023, за која ќе добијат технички спецификации од страна на организацискиот одбор.

16) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на контејнери за отпад и мобилни тоалети во Крушево, Пелинце и Скопје.

17) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди превоз на делегациите врз основа на спецификација обезбедена од Организацискиот одбор.

18) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди столици и маси, согласно планот на Организациониот одбор за одбележување на празникот.

19) Се задолжуваат Министерството за одбрана-Генерал штаб и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да се договорат за обезбедување на венци, метални потпирачи за венци, метални потпирачи (со јаже), цветен аранжман, црвена патека и држачи за знамиња и знамиња, за потребите на сите владини делегации за прославата на Државниот празник 2 Август, Ден на Републиката-Илинден 2023 (според насоките на протоколот на Владата кои ќе доставаат точни спецификации за нивното распоредување).

20) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди превоз за тимовите кои ќе работат на организацијата на настаните.

21) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди превоз за делегациите на Сојузот на борците на Република Северна Македонија.

22) Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје Ц.О., да изврши расчистување и санација на делницата од магистралниот пат до меморијалниот центар Пелинце и патниот правец Прилеп-Крушево (особено на влезот на градот Крушево, кај бензинската станица на Макпетрол), како и да обезбеди хоризонтална сигнализација.

23) Се препорачува на Град Скопје и Општина Куманово да обезбедат присуство на возила за противпожарна заштита на локациите на кои ќе се одбележува Државниот празник-Илинден 2023 година и да ги уредат просторите околу спомениците и меморијалниот центар каде што ќе се одвиваат прославите.

24) Се препорачува на Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, да обезбедат по едно противпожарно возило за 1 и 2 август во Крушево.

25) Се препорачува на Општина Крушево, Град Скопје и Општина Куманово, да обезбедат цистерни за вода.

26) Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми п.о.-Скопје, да обезбеди дрвени столпчиња за означување на патеката до Мечкин камен.

27) Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата, да подготви лого по повод прославата и во најкус можен рок за тоа да го информира Организациски одбор за прослава на Државниот празник 2 Август-Илинден 2023 година.

28) Секторот за односи со јавност изработеното лого за Државниот празник Илинден 2023 година, да го достави до сите национални телевизии, со цел да се емитува на денот на празнувањето на Државниот празник 2 Август-Илинден 2023 година

29) Се задолжува Министерството за култура да ги извести и обезбеди контактите за културно-уметничката програма (испланирана во сценариото од страна на Организацискиот одбор).

30) Секоја институција која ќе биде вклучена во културно-уметничката програма, се задолжува да ги покрие од својот буџет трошоците за учесниците (вработени во институцијата) во културно-уметничката програма.

31) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на Државниот празник 2 Август-Илинден 2023 година на сите локации-Скопје, Крушево, Пелинце и Демир Хисар.

32) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, преку СВР Битола, да го организира сообраќајот и да обезбеди соодветен тек на моторни возила во Крушево на Мечкин Камен, по повод прославата на Државниот празник 2 Август-Илинден 2023 година.

33) Одделението за протокол на Владата на Република Северна Македонија, да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска и печатена форма, не подоцна од една недела пред настанот, да ги прифати потврдите и врз основа на истите да изработи протоколарна листа за Илинден 2023 година-Скопје, вклучително и скица со распоред за седење на гостите.

34) Се препорачува на Општина Прилеп да обезбеди теренски возила за прославата на Државниот празник 2 Август-Илинден 2023 година во Крушево.

**3.** Владата по предлог на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, го задолжи министерот за економија, на првата наредна седница, да информира за сите управни и судски постапки, одлуки, заклучоци и информации, поврзани со експлоатацијата на минерални суровини-руди на бакар и злато на локалитетот с.Иловица, Општина Босилово, почнувајќи од првата одлука до денес, како и да ги брифира новинарите за истото, со цел информациите да бидат споделени со јавноста.

**4.** Владата ја овласти м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, да го потпише Општиот колективен договор за јавниот сектор со Сојузот на синдикати на Македонија, како репрезентативен синдикат на национално ниво за јавен и приватен сектор.

**5.** Владата го разгледа Барањето на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје за пренамена на средства и го усвои Барањето имајќи го предвид позитивното мислење на Министерството за образование и наука.

**6**. Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со очекуваното производство и планираниот откуп на пченица од род 2023 година, ја усвои  Информацијата и ја задолжи Агенцијата за стоковни резерви, планираната јавна набавка на 15 000 тони пченица, за потребите на стоковните резерви, наместо на еден, да биде поделена во пет лота со продолжен рок на набавката за дополнителни 10 дена.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот Спомен-куќа „Музеј Лазар Личеноски“ за определување надлежности за реализација на проектите и спроведувањето на непосредната заштита и реализацијата на  проектот за недвижното добро и конзервација на движните културни добра според намените да биде префрлена во соодветните надлежни институции: НУ Национален конзерваторски центар-Скопје, НУ Конзерваторски центар-Скопје, НУ Музеј на Македонија, НУБ „Св. Климент Охридски“ и Архив на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД за производство на електрична енергија-ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, за периодот октомври-декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во однос на намалените субвенции за финансирање на ЈП Национална радиодифузија-Скопје за 2022 година, за наредната седница на Владата.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Северна Македонија, со насоки за изменување и дополнување на Уставот на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата, го утврди Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Северна Македонија со насоки за изменување и дополнување на Уставот на Република Северна Македонија и заклучи, согласно одредбите од член 130 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 193 и 194 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието, со предлог да го разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда и м-р Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници Мартин Попов, шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Дрита Абдиу-Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања, Филип Тосевски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со ангажирање на правни застапници на Министерство за здравство на Република Северна Македонија по повод поведена арбитражна постапка во предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH, со прилог полномошно за застапување и писмо за ангажирање и ја усвои со следните заклкучоци:

1. Даде согласност на содржината на предложеното писмо за ангажирање и полномошно за застапување, доставени од страна на адвокатската куќа White & Case LLP и предлог наведените цени за давање на адвокатски услуги.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во својство на претседавач на Координативното тело, во рок од три дена да ги потпише предложените документи и тоа писмото за ангажирање и полномошното за застапување, кои се доставени во прилог на оваа информација.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Владата на Обединетото Кралство), претставена од Министерството за надворешни работи, Комонвелт и развој (ФЦДО), претставено од Метју Лосон, амбасадор и Владата на Република Северна Македонија (Влада на Северна Македонија), претставена од Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија (корисник), претставено од министерот д-р Бујар Османи за реализација на Проектот за менторство и градење на капацитетите на директоратот за НАТО и политичко-безбедносни прашања при Министерството за надворешни работи, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Владата на Обединетото Кралство), претставена од Министерството за надворешни работи, Комонвелт и развој (ФЦДО), претставено од Метју Лосон, амбасадор и Владата на Република Северна Македонија (Влада на Северна Македонија), претставена од Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија (корисник), претставено од министерот д-р Бујар Османи за реализација на Проектот за менторство и градење на капацитетите на директоратот за НАТО и политичко-безбедносни прашања при Министерството за надворешни работи.

2. Се овластува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, да го потпише текстот на Меморандумот за соработка меѓу Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Владата на Обединетото Кралство), претставена од Министерството за надворешни работи, Комонвелт и развој (ФЦДО), претставено од Метју Лосон, амбасадор и Владата на Република Северна Македонија (Влада на Северна Македонија), претставена од Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија (корисник), претставено од министерот д-р Бујар Османи за реализација на Проектот за менторство и градење на капацитетите на директоратот за НАТО и политичко-безбедносни прашања при Министерството за надворешни работи

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на претседавањето на Република Северна Македонија со Процесот за соработка во Југоисточна Европа, 1 јули 2023-јуни 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, до земјите учеснички и до Советот за регионална соработка како оперативен орган на Процесот да ги проследи утврдените приоритети и мото/лого на претседавањето, до 1 август 2023 година.

2. Се задолжуваат Министерството за животна средина на просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за култура, Министерството за здравство, Секретаријатот за европски прашања и Агенцијата за млади и спорт, а им се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на северо-западна Македонија до Министерството за надворешни работи, да достават свои номинирани претставници за учество во работата на Работната група за подготовка на претседавањето на

Република Северна Македонија со Процесот за соработка во Југоисточна Европа, за период од 1 јули 2023 до 30 јуни 2024, до 1 август 2023 година и воедно да достават предлози за организирање на состаноци на министерско ниво од делокругот на нивната надлежност согласно утврдените приоритети на претседавањето со Процесот за соработка во Југоисточна Европа до 1 септември 2023 година, имајќи предвид дека трошоците за организација на состаноците ќе паднат на товар на нивните буџети за 2023 и 2024 година.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во рок од 15 дена по добиените номинации од други институции, да подготви и до Владата, да достави предлог-одлука за формирање на работна група.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи да подготви програма со календар на активностите во текот на претседавањето на Република Северна Македонија со Процесот за соработка во Југоисточна Европа до 1 август 2023 година.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги планира трошоците за организација на настаните од негова надлежност во рамки на Претседавањето, наведени Информацијата, во рамки на одобрените средства во Буџетот за 2023 година, како и да ги предвиди трошоците за организација на настаните во 2024 година, во Буџетот за 2024 година.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Записник и Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со заклучок во текстот на Одлуката, во член 1, наместо „45 месеци“ да стои „44 месеци“.

**Точка 53**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за оправданост на Барањето на согласност за вработувања на неопределено време во Јавната установа-Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

**Точка 54**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за оправданост на Барањето на согласност за привремени вработувања и Барањето на согласност за ангажмани по договори на дело во Јавната установа-Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

**Точка 55**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период

од 6 јули 2023 година до 12 јули 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 56**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 4 јули 2023 година до 10 јули 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 4.7.2023 година до 6.7.2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 58**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 7.7.2023 година до 13.7.2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 59**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 27 јуни 2023 година до 3 јули 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 60**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 27.6.2023 година до 3.7.2023 година и согласно член 31, став 2 од

Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 61**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 11 јули 2023 година до 17 јули 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:25 часот.

| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |